АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.08.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4989 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 август 2015 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш постапило по Решението за преземање мерка - опомена, кое Директорот на Агенцијата го донесе на 30.07.2015 година во врска со исполнувањето на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – опомена бр.03-953 од 31.07.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш (Писмен извештај 03-4841/1 од 28.07.2015 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш **постапило по опомената** и **во целост ја исполнило обврската** од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***